ФЗОМ
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија 66, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
**ИНФО ЛИНИЈА (БЕСПЛАТНА)** **0800 33 222**
Е-пошта: info@fzo.org.mk
Web: www.fzo.org.mk

Од: ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
Дата: 10.03.2011

# СООПШТЕНИЕ ДО МЕДИУМИТЕ

**Ден на бубрежно болните**

Фондот за здравствено осигурување во продолжение Ви го испраќа говорот на директорката Маја Парнарџиева-Змејкова по повод прославата на Светскиот ден на бубрегот одржана на денешен ден во Гратската општа болница 8-ми Септември, во кои се потенцирани активностите на ФЗОМ и здружението Нефрон.

-Првенствено би сакала да изразам сочуство и жалење за загубата на претседателот на здружението Нефрон и нашиот драг соработник и борец за бубрежно болните лица во Република Македонија, г-дин Спиро Мицевски. Со г-динот Спиро Мицевски имавме заедничка визија како да ја подобриме состојбата на дијализата во Р.Македонија и да воведеме стандардизирање на квалитетот на услугата која бубрежно болните ја добиваат во дијализните центри.

Изминатиот период Фондот за здравствено осигурување во соработка со здружението како и по негови препораки и свои видувања, беше доста активен на полето на дијализата и начинот на спореведување на истата со цел добивање на генерална слика за дијализата во Р.Македонија и изнаоѓање начини на подобрување на истата.

- Во 2010 година во соработка со здружението Нефрон беше креиран **Регистар на болни од хронична бубрежна болест кои се дијализираат во Македонија**. Регистарот овозможува тековно пратење на бројот на **реално извршени дијализни третмани во државата и нивно плаќање**. Тоа е исто така алатка со која Фондот во соработка со здруженеита ќе ги планираат потребите на дијализните центри.
- Со цел транспарентно работење на центрите за дијализа, а во **интерес на пациентите, воведен е нов начин на фактурирање на дијализното лекување преку доставување до Фондот пресметки за извршени дијализни третмани на кои осигурениците треба да се потпишуваат по секој дијализен третман**. Така Фондот располага со точни **податоци за обемот на овој вид на здравствени** услуги во Македонија.

ФЗОМ
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија 66, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
ИНФО ЛИНИЈА (БЕСПЛАТНА) 0800 33 222
Е-пошта: info@fzo.org.mk
Web: www.fzo.org.mk

- Конечно во 2010 година со склучување на договор помеѓу **Фондот и првиот приватен дијализен центар во Македонија Диамед, решен е деценискиот проблем на Скопските осигуреници** кои поради инсуфициентни дијализни капацитети во Скопје одеа **3 пати неделно на дијализа во Струга.**
- **Во 2010 година ФЗОМ изврши корекција на цената на трансплантацијата на бубрег од 150.000,00 денари и ја покачи на 355.000,00 односно на 500.000,00 за комплицираната трансплантација.**
- Од страна на Фондот **извршени се контроли во скопските дијализни центри со цел утврдување на квалитетот на пружените дијализни** услуги. Извршен е увид на состојбата на апаратите за дијализа, видот на дијализи, обезбедувањето услови за спречување на ширењето на вирусни заразни заболувања, кадровата екипираност, апликација на лекови со посебен осврт на еритропоетинот, следењето на здравствената состојба на пациентите преку редовни периодични лабораториски испитувања и интернистички прегледи. **Такви контроли ќе бидат извршени во сите дијализни центри во државата.**

**Како следна активност би сакала да истакнам дека :**

- Во **иднина планирани се контроли на квалитетот на пружените дијализни услуги преку мониторирање на неколку стратешки индикатори на квалитетот**. Целта е да се подигне и унифицира квалитетот на овој вид на здравствени услуги на ниво на целата држава и да се избришат диспаритетите помеѓу дијализните центри во државата.

Фондот за здравствено осигурување останува отворен соработник на здружението и надлежните институции во формирање на протоколи за дијализа како и изработка на упатства за дијализа со цел подигање на квалитетот на овој вид на здравствени услуги.

Бранко Аџигогов
Портпарол